# ДЕЈСТВО НА ОРГАНСКИТЕ И МИНЕРАЛНИТЕЃУБРИЊА ВРЗ ПРИНОСОТ И КВАЛИТЕТОТ НА ПИПЕРКАТА КУРТОВСКА КАПИЈА

В. Трпески[1], В. Коцевски[2], М. Јекиќ[1], Д. Јакимов[2] и М. Даутова[2]
[1]Земјоделски факултет - Скопје
[2] ИРЕ Институт за земјоделство - Струмица

1995, Скопје, Македонија, Годишен зборник на Земјоделски факултет, Вол XL : 115 - 122.

Во текот на три години (1992 - 1994 год.) се вршени испитувања во полски опити за дејството на разните ѓубриња и тоа: органски, органски и минерални и со чисто минерални, врз приносот, морфолошките и квалитетните својства кај пиперката сорта Куртовска капија и економскиот ефект од примената. Од резултатите се гледа дека минералните ѓубриња го зголемуваат приносот за 4554 kg/ha и се со позитивен економски ефект. Додека другите две варијанти се со нешто понизок принос и со помал економски ефект, бидејќи се зголемени трошоците со манипулација со органското ѓубре.

**Клучни зборови:** пиперка, минерални ѓубрива, органски ѓубрива, морфолошки својства, економски ефект.